## ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО НА

## Виртуелна панел дискусија „Транзиција кон дигитална економија – трендови и можности за малите и средните претпријатија“

**Датум и време:** 10 ноември 2020 (10 – 11 часот)
**Линк за регистрација:** https://pheedloop.com/digitalnaagenda/site/register/
**Модератор:** д-р Ирена Бојаџиевска

Почитувани,

Фондација Претприемачки сервис за млади Ве поканува да земете учество на виртуелна панел дискусија „Транзиција кон дигитална економија – трендови и можности за малите и средни претпријатија“ која ќе се одржи на 10ти ноември (вторник) од 10 до 11 часот.

Во рамки на панел дискусијата намерата е да се утврди имплементацијата на мерките од Дигиталната агенда за Западен Балкан во три приоритетни области:

- Дигитални вештини
- Степен на користење на дигиталните технологии од страна на компаниите
- Дигитални јавни сервиси за компаниите

Панелот има за цел да поттикне дискусија и да предложи заеднички заклучоци околу моменталните состојби и предлози за подобрување на клучните дигитални вештини на вработените во јавниот и приватниот сектор, подобрување на дигиталната трансформација на бизнисите како и понатамошни чекори за дигитализација на јавните услуги.

Целната група на панел дискусијата се релевантни владини институции, претставници од граѓански организации и приватниот сектор.

За учество на панел дискусијата потребно е да се регистрирате на https://pheedloop.com/digitalnaagenda/site/register/ најдоцна до 9-ти ноември.

Контакт лице
Софија Цали, Проектен менаџер
sofija.cali@yes.org.mk
023103660

Со почит,
Фондација Претприемачки сервис за млади